АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Врз основа на член 7, алинеја 9 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник“ на Република Македонија број 72/07 и 5/09), Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руалниот развој го објавува следниот

**ЈАВЕН ПОВИК бр.01/2011**
**за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година**

## I. ПРЕДМЕТ НА ОГЛАСОТ

Предмет на овој оглас е доделување на финансиска поддршка за следните мерки:

| *Мерка 1* | *Зголемување на конкурентноста на земјоделското производство* | *Максимална вредност на прифатливи трошоци (до)* |
|---|---|---|
| **1.1** | **Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства** | **180.000.000,00 денари** |
| | **Под сектор** | |
| 1. | Лозарство | **28.000.000,00 денари** Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник до 2.500.000,00 денари, а за воспоставување на расадници до 3.500.000.00 денари |
| 2. | Овоштарство (вклучително и трпезно грозје) | **26.000.000,00 денари** Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник до 2.500.000,00 денари, а за воспоставување на расадници до 3.500.000.00 денари |
| 3. | Градинарство (пластеници, стаклениции и градинарство на отворено и со исклучок на тунелски фолии) | **34.000.000,00 денари** Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник до 2.500.000,00 денари, а за воспоставување на расадници до 3.500.000.00 денари |
| 4. | Житни култури | **60.000.000,00денари** Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник до 4.500.000,00 денари |
| 5. | Индустриски култури (маслодајни, фуражни култури, тутун вклучително и производство на компир) | **23.000.000,00 денари** Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник до 4.500.000,00 денари |
| 6. | Живинарство | **7.000.000,00 денари** Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник до 6.000.000,00 денари |
| 7. | Пчеларство | **2.000.000,00 денари** Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник до 800.000,00 денари |
| **1.2** | **Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи** | **13.500.000,00 денари** |
| 1. | Преработувачки капацитети за примарна обработка и доработка на житни култури, маслодајни семиња и растенија | Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник до 6.000.000,00 денари |
| 2. | Преработувачки капацитети за јајца | Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник до 10.000.000,00 денари |
| **1.3** | **Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството** | **12.000.000,00 денари** |
| 1. | Инвестиции во патна инфраструктура за пристап до земјоделското земјиште | Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник до 1.000.000,00 денари |

| | | |
|---|---|---|
| **1.4** | **Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност** | **5.100.000,00 денари** |
| 1. | Инвестиции за унапредување на физичкиот потенцијал на земјоделската задруга | Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник до 4.500.000,00 денари |
| ***Мерка 3*** | ***Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини и поттикнување на диверзификација на економски активности*** | **60.000.000,00 денари** |
| 3.1 | **Подобрување на квалитетот на живот во рурални средини** | **60.000.000,00 денари** |
| 1. | Инвестиции во патна инфраструктура за поврзување на селата со културни знаменитости и локалитети од значење за селската популација до 1 км | Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник до 10.000.000,00 денари, односно до 17.000.000 денари за комбинирани инвестиции – точка 1, 2 и 3. |
| 2. | Инвестиции за изградба и/или реконструкција на селски улици до 1 км | Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник до 10.000.000,00 денари, односно до 17.000.000 денари за комбинирани инвестиции – точка 1, 2 и 3 |
| 3. | Инвестиции за изградба и/или реконструкција на плоштади, зелени површини и/или шеталишта во рурални средини до 15.000 жители | Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник до 3.000.000,00 денари, односно до 17.000.000 денари за комбинирани инвестиции – точка 1, 2 и 3 |
| 4. | Одбележување и унапредување на шумски и велосипедски патеки | Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник до 3.000.000,00 денари |
| 5. | Уредување на излетнички места во рурални средини | Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник до 3.000.000,00 денари |
| 6. | Одбележување на културни и природни знаменитости во рурални средини | Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник до 3.000.000,00 денари |

## II. ПРАВО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА

**Право на користење на средства имаат следните субјекти, и тоа за мерките:**

| *Субјекти* | *МЕРКА 1* |
|---|---|
| Земјоделско стопанство упишано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, согласно Закон за земјоделство и рурален развој | Мерка 1.1 |
| Трговски друштва и задруги кои исполнуваат услови за вршење на дејност согласно Закон за трговски друштва или Законот за задругите, како и правни лица кои започнуваат со вршење на оваа дејност (преработувачки капацитети за житни култури, маслодајни семиња и растенија, јајца) | Мерка 1.2 |
| Единици на локалната самоуправа | Мерка 1.3 |
| Земјоделски задруги | Мерка 1.4 |
| Единици на локална самоуправа | Мерка 3.1 |

## III. ВИСИНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

Средствата се наменети за инвестиции за набавка на нови основни средства, оперативни трошоци поврзани со набавените средства и останати трошоци предвидени со Програмата за финансиска поддршка на руралиот развој за 2011 година.

Финансиската поддршка се исплаќа по принцип на ко-финансирање на завршени и исплатени инвестиции од страна на корисникот во висина од 50% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци за инвестиции, доколку поинаку не е определено.

Ставката на ко-финансирање за Мерката 1.1 се зголемува до 55%, 60% и 65% во случаите кога:

- се работи за инвестиции на земјоделско стопанство чиј носител е млад земјоделец;
- за инвестиции на земјоделско стопанство во планински подрачја, и/или

- за инвестиции на земјоделско стопанство во планински подрачја и чиј носител е млад земјоделец;

Ставката на ко-финансирање за Мерката 1.2 изнесува 50%, и се намалува до 25% во случаите кога:
- се работи за инвестиции на земјоделско стопанство при што барателот е во рангот на голем трговец согласно големината на субјектот наведена во Тековната состојба на правниот субјект;

Ставката на ко-финансирање за Мерката 1.3 изнесува 100%,

Ставката на ко-финансирање за Мерката 1.4 изнесува 50%,

Ставката на ко-финансирање за Мерката 3.1 изнесува 70%, и се зголемува до 80% во случаите кога:
- се работи за инвестиции во планински подрачја;
- се работи за инвестиции во патна инфраструктура за поврзување на селата со културни знаменитости и локалитети од значење за селската популација до 1 км;

Доделената финансиска поддршка е неповратна.

## IV. УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА И ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА СЕ ПОДНЕСУВА

Еден барател поднесува посебно Барање за секоја мерка, еден барател може да поднесе најмногу две одделни Барања по различни мерки од оваа Програма.
Еден барател може да поднесе едно барање по мерка 1.1 – Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства од Програмата кое опфаќа **еден** од следниве земјоделски под-сектори: Лозарство, Овоштарсво, Градинарство, Житни култури, Живинарство и Пчеларство.
Еден барател може да поднесе едно барање по мерка 1.2 - Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи кое опфаќа **една** од следниве инвестиции: Преработувачки капацитети за примарна обработка и доработка на житни култури, маслодајни семиња и растенија, Преработувачки капацитети за јајца.
Еден барател може да поднесе едно барање по мерка 3.1 - Инвестиции за подобрување на квалитетот на живот во рурални средини од Програмата **за една** од следниве типови на инвестиции: Одбележување на културни и природни знаменитости во рурални средини, Одбележување и унапредување на шумски и велосипедски патеки, Уредување на излетнички места во рурални средини.
Еден барател може да поднесе едно барање по мерка 3.1 - Инвестиции за подобрување на квалитетот на живот во рурални средини од Програмата **за една или повеќе** од следниве типови на инвестиции во: Инвестиции во патна инфраструктура за поврзување на селата со културни знаменитости и локалитети од значење за селската популација до 1км, Инвестиции за изградба и/или реконструкција на селски улици до 1км, Инвестиции за изградба и/или реконструкција на плоштади, зелени површини и/или шеталишта во рурални средини до 15.000 жители.
**Единиците на локалната самоуправа после потпишување на договор за финансиска поддршка со АФПЗРР, обврзани се да спроведат тендерска постапка за планираната инвестиција во согласност со Законот за јавни набавки.**

Условите кои треба да ги исполнуваат барателите на средства се утврдени во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година, Правилникот за поблиски критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој и Правилникот за поблиските дополнителни услови за поддршката од мерките за рурален развој, прифатливите трошоци и висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник за поединечна мерка.
Барателите кои ги исполниле условите за користење на средства за мерките 1.1, 1.2 и 3.1 се рангираат со бодување утврдено во Правилникот за поблиски критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој.

**Барателите не смеат да започнат со реализација на инвестицијата пред потпишувањето на Договорот за ко-финансирање со Агенцијата.**

Финансиски средства не се исплаќаат доколку барателот на денот на поднесување на барањето има неподмирени обврски кон Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

## V. ПОДИГНУВАЊЕ НА ОБРАСЦИ И УПАТСТВА

Образецот-Барање за користење на средства заедно со листата на потребни документи и Упатството за корисниците може да се подигне на веб страната на Агенцијата www.ipardpa.gov.mk, и во најблиските регионални центри или работни единици на **Агенцијата за поттикнување на развој во земјоделството** секој работен ден **од 8:30 до 16:30 часот**.

Горенаведените обрасци може да се подигнат и директно во Агенцијата на адреса:

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,**
**бул. „ 3-та Македонска бригада“ бб**
**зграда на Македонија Табак блок Ц**
**1000 Скопје**

## VI. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ

Пополнетите барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година на македонски јазик заедно со целокупната потребна документација се доставуваат во затворен плик со назнака на предната страна на пликот во горниот лев агол “НЕ ОТВАРАЈ“ за Јавен повик број 01/2011 и назначување на бројот на мерката/под-сектор за која се поднесува барањето. Барањето може да се достави по препорачана пошта или лично во писарницата на Агенцијата, во спротивно Агенцијата не превзема одговорност за затурање или предвремено отворање на барањето.

**Крајниот рок за доставување на барањата е 09.11.2011 година. Барањата доставени по предвидениот рок нема да бидат разгледувани.**

Подетални информации на контакт тел. (02) 3097-460 или на контакт е-маил адреса: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk и на веб-страната: www.ipardpa.gov.mk.

Контакт:

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Сектор за одобрување на проекти.

Телефон **02 3097460**, секој работен ден од 10.00 до 16.00 часот

Е-пошта: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk